Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр. 58/00 и 44/02) и член 30 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ“ бр. 103/08), министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот *запознавање на околината* за II одделение на деветгодишното основно образование за учениците со оштетен вид.

АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ОШТЕТЕН ВИД

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОКОЛИНАТА

## II ОДДЕЛЕНИЕ

ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Скопје, мај 2009

# 1. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО II ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да ги проширува сознанијата за непосредната околина и да ја сфаќа поврзаноста меѓу луѓето, предметите и појавите;
- да се оспособува за тактилно набљудување (раката која допира и активно истражува кај слепите ученици) и визуелната перцепција (за слабовидните ученици), опишување, споредување на предметите и појавите и односите меѓу луѓето;
- да формира правилни претстави за предметите и појавите;
- да развива компензаторски способности по пат на вклучување на преостанатите сетила;
- да ги разликува годишните времиња и промените во природата;
- да се оспособува да учествува во донесувањето и почитувањето на правилата за заедничко живеење во домот, училиштето и во пошироката средина;
- да се вклучува активно во решавање проблеми и да стекнува самодоверба;
- да умее да распознава, да разбира и да искажува различни емоции;
- да се грижи за своето здравје и за средината во која живее и учи;
- да ги запознава и применува правилата за заштита од повреди и од други опасности;
- да го проширува знаењето за сообраќајните правила и да развива култура на однесување во сообраќајот;
- да развива чувство на припадност кон својата татковина;
- да ја сфати потребата од договарање, помагање и соработка со другите и да развива другарство, толеранција, хуманост и одговорност;
- да запознава обичаи и празници од својата култура и културата на другите заедници во Република Македонија;
- да се ориентира и снаоѓа во просторот и времето;
- да учествува во едноставни истражувања;
- да развива интерес и желба за доаѓање до нови сознанија за околината со користење различни извори за учење и ИКТ.

## 2. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ТЕМА: ЈАС СО ДРУГИТЕ (ориентационо 14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржина** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да знае да се претстави себеси, што умее, што може, што сака;<br>- да ја јакне самодовербата во своите постапки и способности;<br>- да препознава сличности и разлики меѓу луѓето;<br>- да спознава дека секој има свое мислење/ различно или исто со другите;<br>- да ги спознава карактеристиките кај луѓето во различни периоди од животот;<br>- да ја сфати функцијата на правилата за заедничко живеење;<br>- да учествува во донесувањето на правилата на однесување во училиштето;<br>- да ги применува правилата во училиштето и животот;<br>- да спознава дека секој човек има права и одговорности. | -Што ми се допаѓа кај себе...<br><br>-Ние сме слични и различни<br><br>-Имам свое мислење и го почитувам мислењето на другите<br><br>-Децата и возрасните<br><br>-Правила на заедничко живеење<br><br>-Права и одговорности. | - Разлики, сличности<br><br>- Почитување на туѓото мислење<br><br>- Раѓање, детство, младост, старост<br><br>- Правила во одделението<br><br>- Правила во семејството/домот<br><br>- Права, одговорности | - Учениците меѓу себе се прашуваат и добиваат информации за тоа кој што сака, што умее и што знае, потоа идентификуваат дека по нешто се слични, а по нешто различни.<br>-Разговори и ситуациони игри на дадена тема за изнесување на своето мислење.<br>-Разговори за животот на човекот како процес (раѓање, детство, младост, старост).<br>-Тактилно перципирање на различни слики кои го прикажуваат животот на човекот како процес (релјефни слики, модели, термоформ фолии).<br>-Разгледува (тактилно перципира слики, релјефни слики, модели, термоформ фолии) и фотографии и раскажува за своето семејство (мајка, татко, баба, дедо во различни периоди од животот).<br>-Разговори за правилата во некоја игра, донесување правила за однесувањето и други правила што ги познаваат во домот, зградата, населбата, во одделението и во училиштето.<br>-Запознавање на основните детски права преку активности (работилница за детски права, разговори, игри, цртање и сл.). |

| ТЕМА: ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО УЧИЛИШТЕТО (ориентационо 14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да се ориентира во просториите во училиштето;<br>- да знае како е организирано училиштето*;<br>- да знае што работат наставниците/ директорот, службите во училиштето;<br>- да ги запознава правилата за одне сување во училиштето;<br>- да развива чувство за меѓусебно почитување, помагање, соработка;<br>- да го разбира значењето на збо ровите одговорност, праведност; приватност;<br>- да разликува лично и заедничко;<br>- одговорно да се однесува кон своите и заедничките работи во училиш-тето;<br>- да ги запознава празниците поврза ни со верската и државната тради ција;<br>- да се поттикнува за учество во прославите. | -Како е организи-рано училиштето<br><br>-Животот и работата во училиштето<br><br>-Празнување | - Раководство<br>- Куќен ред<br>- Училница<br>- Канцеларии библиотека, кујна, тоалет, спортска сала<br>- Почитување<br>- Соработка<br>- Одговорност<br>- Праведност<br>- Приватност<br><br>-Стандарден и специфичен ученички прибор за слепи и слабовидни,<br><br>- Празници: Божиќ, Нова година, Бајрам, 8 Септември, Велигден. | - Запознавање на просториите и вработените во училиштето.<br>- Разговори за работата во училиштето, разговор со директорот, училишниот педагог, психолог.<br>- Ориентирање во училиштето и работните простории на директорот, психологот и тифлопедагогот.<br>- Разговор за нивните работни обврски, зошто е важна нивната работа, како соработуваат меѓу себе.<br>- Работилница на тема: Какво сакам да биде моето училиште?<br>-Игри на улоги. Работилници за одговорност, праведност, приватност.<br>- Работа во групи. Секоја група добива задачи:<br>- да изработи правила за чување на опремата во училницата за одржување на хигиената во училницата; за полевање на цвеќињата;<br>- групите водат дневник: Што направивме денес?<br>-Разговори за чувањето на училишниот прибор и ученичкиот прибор, користење, позајмување.<br>-Разговор за празниците, учество во одбележу вањето на значајните државни и верски празни ци, изработка на календар на празници. |

| ТЕМА: МОЈОТ ДОМ (ориентационо 14 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да ги запознае роднинските врски во потесното и поширокото семејство;<br>- да развие чувство на припадност кон своето семејство;<br>- да знае дека постојат еднакво вредни различни видови на семејно живеење (семејства со еден родител, дом семејство, институција семејство);<br>- да ја знае функцијата на просториите во домот;<br>- да знае и именува дел од мебелот и апаратите во домот и нивното правилно користење;<br>- да воочува и избегнува опасности, да развива чувство на одговорност кон својата безбедност и безбедноста на другите;<br>- да разликува елементарни непогоди;<br>- да знае како да се заштити, да го научи телефонскиот број на пожарна, полицијаи сл.;<br>- да се поттикнува на активно учество во одржувањето на личната хигиена | -Членовите на моето семејство<br><br>-Простории во домот<br><br>-Апарати во домаќинството<br><br>-Заштита од елементарни непогоди<br><br>-Лична хигиена и хигиена во домот | -Семејство, роднини (вујко, вујна, чичко, стрина, тетин, тетка)<br><br>-Простории во домот, мебел, телевизор, електричен шпорет, фрижидер, компјутер, радио, ЦД и др.<br>Пожар, поплава, земјотрес<br><br>-Лична хигиена, одговорности | -Набљудување на разни модели, споредување изрази на лицето (слики, релјефни слики, биста), -<br>-Разгледување на семејни албуми (со слабовидните ученици), разговори;<br>цртање (релјефно прикажување) на семејно стебло.<br>-Посета на семејство, посета на дом за деца без родители.<br>-Ориентирање во ученичкиот дом, просторијата за дневен престој, спалната соба во ученичкиот доми др.<br>-Одредување на стојалиште и ориентири во просториите, определување на местото на мебелот, телевизорот, фрижидерот и нивниот просторен однос и др.<br>-Тактилно набљудување на релјефни прикази на просториите во домот.<br>-Изработка на албум на просториите во домот, разговор, именување.<br>-Цртање (со употреба на радла), моделирање на омилена просторија во домот.<br>-Разгледување на мали куќни апарати во игровните катчиња, разговор за нивната примена и начините како да ги избегнуваат можните |

| | | | |
|---|---|---|---|
| и хигиената во домот;<br>- да ги надминува родовите стереоти пи за поделбата на обврските во семејството;<br>- да стекнува сознанија за значењето на здравјето;<br>- да се запознае со начинот на одбележувањето на празниците во семејството;<br>- да се поттикнува активно да го ко ристи слободното време. | -Здравје<br><br>-Празници во семејството<br><br>-Слободно време | -здравје,<br>здрава храна,<br>витамини,<br>спортување, воздух,<br>вода, игра, смеа,<br><br>-празник, прослава<br>роденден, именден и др. семејни прослави,<br>подарување,<br>слободно време. | опасности – истражувачки активности.<br>-Пано – моите обврски, дома, цртање.<br>-Моделирање, примена на ИКТ.<br>-Работилница: Опасни игри.<br>-Симулирање ситуации како да постапам при елементарни непогоди, повикување на пожар-никар и други активности за заштита.<br>-азговор на тема: „Како ја одржувам личната хигиена и хигиената во домот, прибор за лична хигиена’’.<br>-Играње на улоги - родово нестереотипна поделба.<br>-Примена на ИКТ.<br>-Работилница на тема: Што е здравје?<br>-Дискусија за прослави на празници во домот и за посетите на роднини и пријатели, играње улоги, цртање.<br>-Работилница за правење подароци.<br>- Работилница на тема: „Како сакам да го користам своето слободно време’’? |

| ТЕМА: ЈАС СУМ ДЕЛ ОД ПРИРОДАТА –(ориентационо 28 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| | | | |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да открива и опишува некои карактеристики за живата природа;<br>- да открива и опишува некои карактеристики на неживата природа во неговата околина (вода, песок, камен, метал и др.);<br>- да стекне сознанија дека живите суштества се поврзани со неживата природа;<br>- да стекне сознанија дека во различна околина живеат различни растенија;<br>- да стекне основни сознанија за растенијата и нивното значење за човекот;<br>- да распознава и именува различни зеленчуци и да знае како ги користи човекот;<br>- да распознава и именува различно овошје и да знае зошто се користи;<br>- да разликува и именува зимзелени и листопадни дрвја;<br>- да ги прошири сознанијата за животните; | -Мојата околина-жива и нежива природа<br><br>-Растенијата во мојот крај<br><br>-Во зеленчуковата градина<br><br>-Во овошната градина | -Жива природа, нежива природа<br><br>- Растенија | -Истражувачки активности со вода, песок, камен.<br>-Набљудува (тактилно), открива, разликува (големина, форма, површина, мирис) живи организми во неговата околина.<br>-Разговара за живите организми за тоа како се хранат, како живеат и нивната зависност од неживата природа.<br>-Прошетка, (тактилно) набљудување на цветна градина, поле, ливада, шума и набљудување на различни видови растенија во нивната природна средина (набљудување на нивните карактеристики како големина, форма, површина, мирис).<br>-Разговор на тема за значењето на растенијата за човекот - сади и одгледува украсни цветни растенија во сандачиња, саксии и градина во дворот на училиштето.<br>-Истражувачки активности за набљудување на зеленчукова градина, истражување на особините на зеленчукот (големина, форма, боја, вкус, мирис, површина – мазно/рапаво, кој зеленчук се јаде свеж, зготвен). Секој презентира различен вид на зеленчук и може да направат книга за зеленчук, рецепти, постер.<br>-Истражувачки активности за набљудување на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да ја воочи разликата во начинот на живеење меѓу дивите и домашните животни;<br>- да ги распознава промените во природата според годишните времиња;<br>- да знае како се прилагодуваат човекот, животните, растенијата според годишните времиња.<br>- да се ориентира во времето и правилно да ги користи термините за деноноќие;<br>- да стекне основни сознанија за сетилата;<br>- да научи како да се заштитува од повреди и болести. | -Зимзелени и листопадни дрвја<br><br>-Животни -домашни и диви животни<br><br>-Промени во природата -годишни времиња<br><br>-Ориентација во времето | - Зимзелени дрвја, листопадни дрвја<br><br>- Домашни животни, диви животни<br><br>-Годишни времиња, месеци, цалендар<br><br>- Ден-ноќ, претпладне-попладне, наутро-навечер | овошјето во овошната градина (боја, големина, мирис, вкус), истражувачки активности (што ќе се случи: ако плодот се стави во топла-ладна вода, кога ќе се пресече на половина). Секој презентира различен вид на овошје и може да направат книга за овошје, рецепти, постер.<br>-Набљудување на блиската околина во различни годишни времиња; согледување на сличности и разлики помеѓу зимзелените и листопадните дрвја, илустрирање.<br>-Посета на фарма; гледање филм за животот на животните, разгледување на слики, набљудување (тактилно) на сликовници (релјефни термоформ слики, модели, скулптури), енциклопедии за домашни и диви животни; читање басни, гатанки, правење на албуми, примена на ИКТ.<br>-Набљудување на времето во текот на целата година.<br>-Откривање на позначајните одлики на годишните времиња (есен, зима, пролет, лето); воочување на промените во природата (сончево, топло, врнежливо, облачно).<br>-Водење на календар на времето (апликации-релјефни).<br>-Разговор на тема како се облекуваме во различно годишно време, примена на ИКТ.<br>-Посета на метеоролошка станица, слушање на временска прогноза.<br>-Изработка на седмичен календар на времето, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - Моите сетила (око уво, нос, уво, допир)<br><br>- Како се заштитувам од болести | - Сетила<br>- Болести, повреди | изработка на дневен распоред на активности и објаснување на активностите.<br>-Истражувачки игри: „Што откривам со моите сетила'' (допир, мирис, вид, слух, вкус).<br>-Разговор на тема:<br>-Како да се заштитиме од повреди?<br>-Како да се заштитиме од заразните болести? (разговор за опасноста од самостојно земање лекарства).<br>-Моите посети во амбуланта. |

| ТЕМА: ЈАС ИСТРАЖУВАМ (ориентационо 16 часа) | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br><br>- да ги открива и запознава својства-та на различните материјали (хартија, ткаенина, песок, природни материјали), да препознава материјали со допир (мазно, рапаво);<br>- да ги открива и запознава својства-та на водата;<br>- да развива свест за значењето на | -Запознавање со материјалите: хартија, ткаенина, дрво, песок, природни материјали<br><br>-Вода | -Материјали, хартија, ткаенина, песок, природни материјали<br><br>- Впивање, пливање, тонење, | -Истражувачки игри со различни материјали кои можат да се виткаат, обликуваат, прават фигури, оригами, слики, кукли, честитки, комбинираат различни материјали во една целина.<br>-Истражувачки игри - Откривање на својствата на водата (боја, мирис).<br>- Кои предмети впиваат вода? - текстил, камен, дрво, железо, песок и др.).<br>- Истражување: „Како се загадува водата''?.<br>- Истражувачки игри - откривање на својствата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| водата;<br>- да ги открива и запознава својства-та на воздухот;<br>- да развива свест за значењето на чистиот воздух;<br>- да ги открие изворите на светлина и да знае да се заштити од директна сончева светлина;<br>- да развива способност за обликува-ње на различни материјали и нивно-то комбинирање;<br>- да се запознае со начинот на кој употребената амбалажа или пред-мет можат да се искористат;<br>- да развива свест за правилно иско-ристување на материјалите. | -Воздух<br><br><br><br><br>-Светлина<br><br><br><br><br><br><br>-Го менувам светот | загадена вода,<br>незагадена вода<br><br>- Воздух,<br>дишење,<br>чист воздух<br><br>-Светлина,<br>темнина,<br>сенка<br><br>-Употребен материјал,<br>кутии,<br>украсни предмети | на воздухот (боја, мирис, тежина, притисок), движење на воздухот - ветер, изработка на вртелешка од хартија.<br>- Истражување: „Како се загадува воздухот''?<br>- Истражувачки игри - Истражување на својствата на светлината (извори на светлина), бојата на светлината, пропуштање на светлината низ различни предмети (виножито) -прави сончев часовник.<br>-Разгледување на различен употребен материјал, негово комбинирање: правење на честитки, укра-си, кукли, играчки , маски и др.<br>-Изработки на разни предмети од кутии, стари весници, пластични чашки, корпи од јајца, фоли-ја, кутија од тетрапак и др.<br>-Изработки од разни видови на коноп, волница, стари ЦД, филмови, стиропор и др. |

| **ТЕМА: СООБРАЌАЈ (ориентационо 10 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да знае правилно и безбедно да се движи;<br>- да ги почитува сообраќајните знаци во сообраќајот во реална ситуација;<br>- да препознава собраќајни знаци за пешаци; | -Движење на улица, пат, место за игра во училиштето<br><br><br>- Сообраќајни знаци | -Улица,<br>пат,<br>место за игра<br><br><br>-Пешачки премин, | -Симулација на движењата по улицата, патот и местото за игра во училиштен двор, полигон;<br>-Работилница на тема: Каде и како смеам да ја преминам улицата?<br>-Набљудување и идентификација на сообраќајни знаци на слики, релјефни цртежи, термоформ фолии, слајдови, макети, филмови и др. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да препознае крстосница и да знае како се преминува;<br>- да ги продлабочи знаењата за видовите на сообраќајни средства;<br>- да воочува сличности и разлики на различните сообраќајни средства;<br>- да ја сфати важноста на сообраќајната поврзаност на различните делови од својот крај и пошироко. | - Пред крстосница<br><br>- Патуваме | патека за пешаци, тротоар, семафор, сообраќајни знаци<br><br>-Крстосница<br><br>-<br>-Патник, возила | - цртање, моделирање и изработка на сообраќајни знаци од разни материјали;<br>- симулирање во училиштен двор, полигон на игри за препознавање и почитување на сообраќајните знаци.<br>- Набљудување на крстосница (прикажана на релјефни цртежи, термоформ фолии и др.).<br>- Симулација во училиштен двор, полигон.<br>- Вежби за преминување на крстосница.<br>- Илустрации, цртање, гледање слајдови, слики, примена на ИКТ и др.<br>- Тактилно и визуелно набљудување на модели на сообраќајни средства, цртање, боење, моделирање на сообраќајни средства (велосипед, ролери, тротинет и др.). |

| **ТЕМА: МОЕТО МЕСТО (ориентационо 12 часа)** | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>- да ги прошири знаењата за поважните особености на местото во кое живее (град, село, населба);<br>- да ги препознава и именува позначајните објекти во непосредната околина и да се ориентира според нив;<br>- да препознава и споредува нови и стари градби; | - Местото во кое живеам<br><br>- Непосредна околина | -Град, село, населба<br><br>-Пошта, амбуланта, полициска станица, фабрика, пазар, | -Прошетки, набљудување, разговори за околината.<br>- Изработка на албум со фотографии од своето место на живеење, примена на ИКТ.<br>-Учествува во организирани прошетки во околината, набљудува, разговара, црта, моделира објекти што ги познава.<br>-Прошетки и разговори во непосредната околина.<br>-Посета на објектите и разговор со вработените.<br>-Цртање и моделирање на објекти. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| - да развива интерес и почит кон традицијата и културното наследство;<br>- да ја запознае културната различност во своето место на живеење;<br>- да развива чувства на припадност кон својата татковина,<br>- да се запознава со позначајните природни убавини. | - Моето место некогаш и сега<br><br>- Македонија - мојата татковина | трговски центар<br><br>-Културно наследство,<br><br>- Планини, езера, реки. | -Прибирање на податоци за знаменити настани со помош на возрасните.<br>-Читање приказни и легенди, слушање народни песни и ора (од својата и другите етнички заедници).<br>-Организирани посети и работилници.<br>-Разговори, собирање и разгледување на проспекти, разгледници, фотографии.<br>-Набљудува релјефни цртежи и термоформ фолии, релјефни карти, со прикази на планини, езера, реки, опишува, се ориентира и изработува албуми и паноа<br>-Изработка на албуми и паноа, примена на ИКТ, разгледување на ЦД „Убавините на Македонија”. |

## 3. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Отсуството или намалената функција на видниот анализатор кај учениците со оштетен вид резултира со ограничено запознавање на светот што ги окружува. Поради тоа, претставите кои учениците ги формираат често се неправилни, непотполни и вербално, формално усвоени.

Наставата по предметот запознавање на околината има за цел да ги оспособи учениците да развиваат компензаторски способности т.е. по пат на вклучување на преостанатите сетила да го осознаваат светот што ги окружува. Главна улога во овој процес кај слепите ученици има развивањето на тактилната перцепција (раката која опипува и активно истражува – активен допир) и на визуелната перцепција кај слабовидните ученици (правилно набљудување на дидактички материјали).

При работата со учениците со оштетн вид, наставникот треба да ги земе предвид индивидуалните способности на ученикот/ученичката, степенот на оштетување на видот и останатите индивидуални психофизички способности.

Во наставата по запознавање на околината наставникот треба да го примени принципот на очигледност како важно средство за развој на психофизичките способности на учениците. За да можат слепите ученици да се запознаат со некој предмет треба да го допрат, користејќи ги притоа и преостанатите сетила. За да се стекнат со јасна претстава за одреден предмет, големината на предметот кој се опипува не треба да го надминува обемот на рацете, односно обемот на телото бидејќи она што е надвор од тој обем за слепите ученици е „скоро изгубен'' или, пак, за него се добиваат нејасни и непотполни претстави. Од друга страна, и премногу малите предмети тешко можат да се осознаат, разберат само со сетилото за допир. Како последица на начинот на осознавање слепите ученици не можат да осознаат многу предмети поради нивната големина (премногу мали и преголеми предмети). Затоа во работата со слепите ученици мора да се пристапи кон правење на модели на тие предмети, со тоа што големите се намалуваат, а малите се зголемуваат. Наставникот не треба да прави модели во случаи кога постојат природни предмети кои можат да се перципираат со сетилото за допир и со останатитите сетила. При изработката на моделите треба да се почитуваат правилата во случај кога се намалуваат предметите: 1. да се внимава при намалување на предметите да не се изгубат важните особини кои се карактеристижни за тој предмет; 2. во поглед на големината на самиот модел (да не го надминува обемот на полето на допирање) и 3. сложеноста на самиот предмет (доколку е предметот посложен, т.е. со него се прикажуваат различни процеси на работа, дотолку таквиот модел ќе биде поголем).

Во однос на сетилото за слух треба да се внимава на тенденцијата кај слепите ученици (заради неправилното воспитување) слушните перцепции да ги надвладуваат допирните, така што тие стекнуваат претстави за предметите само врз основа на самата звучна претстава. Надмоќноста на слушната перцепција кај слепите ученици развива нејасни и непотполни претстави кои, пак, од своја страна даваат мистичност и фантазерство.

При слушното осознавање на предметите учениците „доаѓаат'' до името на предметите само по пат на слухот и на тој начин името на предметот им останува само како звук, којшто во најдобар случај, со фантазија, создава само едно сурогатно доживување. Значи, учениците веруваат дека со помош на зборовите ги разбираат предметите и на тој начин се залажуваат дека го разбираат и сфаќаат реално светот кој ги окружува. Неизвежбаноста на сетилата, нестабилното внимание, недостатокот на имитирање на другите, сиромашниот и едноличен емоционален живот, брзиот замор, тенденцијата кон избегнување на обврските (работата) и пасивното држење се факти кои наставникот мора да ги има предвид при планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес.

Во текот на наставата најнапред треба да се појде од природните предмети, а потоа да се премине на аудиовизуелните средства со кои ќе се работи првенствено на увежбување на детските преостанати сетила. Преку сетилото за допир слепите ученици ги запознаваат предметите, ја проценуваат нивната големина и просторност, нивната употребна вредност и начинот на нивно користење.

Треба да се напомене дека развојот на сетилото за слух треба тесно да е поврзан со сетилото за допир. Слухот се користи за процена на оддалеченоста, за запознавање на материјалните квалитети на предметите и за проширување на знаењата од природните науки. Со помош на сетилото за слух се доаѓа и до сфаќање на фините форми (кои се манифестираат во светот на тонови, во ритмот и тактот на пример).

При употребата на дидактичките средства во наставата треба да се води сметка на учениците да им се даваат прости објекти за набљудување и притоа да се насочува вниманието само кон една особина, на пр. на големината на предметот, при друга вежба на обликот и неговата градба, а дури на крајот доаѓа до споредување на предметите според големината, обликот и градбата.

Познато е дека за опипувањето на предметите потребно е многу време. Во случаи кога наставникт располага само со еден примерок на одредено нагледно средство, ќе згреши ако на слепите/слабовидните ученици не им дозволи (обезбеди) доволно време да го допираат и/или со остатоците од видот да го видат предметот (не се во состојба да ги воочат сите важни елементи кои даваат јасна претстава за тој предмет). Затоа се препорачува при набљудувањето наставникот да обезбеди онолку модели/предмети колку што има ученици во одделението. Работата со еден модел (доколку се примени на повеќе ученици) ја отежнува правилната перцепција, многу често условува брзо и површно перципирање на предметите така што води кон формирање површни и нејасни претстави.

Наставникот треба суптилно да „раководи'' со процесот на перципирање на предметите од страна на учениците. Тоа значи дека откако ќе ги провери претходните знаења, ќе премине на усвојување на новите содржини истакнувајќи ја целта на набљудувањето (која го ориентира вниманието на учениците во одреден правец, ја насочува перцепцијата, го прави набљудувањето организирано). Со низа добро одбрани прашања вниманието на учениците се насочува на карактеристичните

особини на предметите кои ги перципираат/изучуваат. При перципирањето на предметите слепите ученици со допирот ја испитуваат големината, површината, зафатнината, топлината, со сетилото за слух одредуваат дали се слуша шум, звук и сл., со сетилото за мирис ги осознаваат карактеристичните мириси на одредени предмети, додека со сетилото за вкус одредуваат слатко, горчливо, солено итн.

Кога станува збор за набљудување на посложени објекти/предмети треба да се има предвид дека во наставата со слепите и слабовидните ученици тие предмети треба да бидат колку што е можно поедноставени и/или ослободени од украси и додатоци. Заради тоа многу стандардни наставни средства кои се употребуваат во „редовните'' училишта не се употребливи за слепите и слабовидните ученици (сетилото за допир ја нема способноста како сетилото за вид-да ги апстрахира небитните особини на предметот како што се украсите и другите додатоци и да ја „најде'' суштината на предметот).

На учениците со оштетен вид голема тешкотија им претставува да си ги претстават оддалечените предмети (на пр. ридови, низини, населени места и др.). За надминување на спомнатаите тешкотии се изработуваат релјефни прикази и/или тоа се претставува во сандак со песок (се применува по набљудувањето). Наставникот и учениците изработуваат, на пр., населби, дрвени куќички, дрвени мостчиња и други предмети и фигури со кои ќе се прикаже дел од рељефот кој претходно бил набљудуван.

Наставникот во текот на часот секогаш треба да поаѓа најпрвин од природниот предмет кон моделот, релјефната слика, релјефниот цртеж и сл.

Со наставата по предметот запознавање на околината се поттикнува и мисловниот развој на учениците со оштетен вид кој, пак, од своја страна го помага развивањето на процесот на компензација на недостатокот на вид. При набљудувањето, учениците размислуваат, ги анализираат предметите, ги откриваат нивните својства и битни карактеристики, ги споредуваат и ги синтетизираат со што се усовршуваат различните операции на мислењето кај учениците.

Кај слабовидните ученици перципирањето на предметите и сликите е отежнато. Тие ја имаат зачувано способноста за елементарна визуелна анализа и синтеза, што им дозволува при перципирањето на слики да ја издвојуваат бојата, обликот, големината, па и да ги перципираат нацртаните предмети во нивните просторни врски и односи. Но, процесот на перципирање кај учениците со тешки оштетувања и неразвиена видна функција има свои специфичности и се одликува со забавеност, недоволен опфат на перципираните објекти и слики (што, пак, од своја страна дополнително го отежнува формирањето на претставите за предметите).

Релјефните слики и цртежи треба да се направени на бела подлога и да се обоени со живи бои, а со црна боја треба да се издвојат линеарните контури кои го претставуваат обликот на предметите. Суштествените одлики кои имаат информативно и сознајно значење треба да се јасно обележани. Сите неважни детали треба да се отстранат, а подлогата треба да биде крајно упростена. Исто така, треба да се избегнуваат слики со бои во повеќе нијанси. Перципирањето на слабо

изразените слики треба да се остварува со потпирање на тактилното перципирање. Учениците кои имаат оштетување на видот во поглед на перципирање на боите треба да користат црни силуетни слики на бела подлога.

***Насоки за меѓупредметно поврзување***

- *Наставните содржини на предметот запознавање на околината даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со наставните предмети: мајчин јазик, математика, ликовно, музичко и физичко образование,* ***ориентација и мобилност****.*
- *Препораки за користење на годишниот фонд на часови*

Поставените цели во наставните теми даваат можност за самостојно планирање и реализација на содржините, во согласност на потребите на учениците и почитување на принципот на актуелизација во наставата. Се користат актуелните настани и ситуации во одделението и се поврзуваат со искуството на учениците кое настанува надвор од училиштето. Колку што е можно, учениците треба околината да ја запознаваат непосредно. При набљудувањето се упатуваат да ги употребуваат сите можни сетила.

Во наставната програма дадени се цели кои се постигнуваат преку активностите на учениците. Активностите понекогаш опфаќаат повеќе цели и цели од различни содржини. Така една цел можеме да ја постигнеме преку различни активности. Примерите на активности се предлози, а наставникот може за постигнување на целите да избере и други соодветни активности.

- *Наставни средства:*
  - непосредната околина – предмети и појави во природата, како и појави во општеството и односите меѓу луѓето;
  - дидактички средства и материјали;
  - истражувачки катчиња;
  - куклен театар;
  - визуелни средства (слики, апликации, фолии, паноа, огласни табли, модели, макети);
  - сликовници, енциклопедии, списанија и сл.;
  - макети, модели, релјефи, релјефни цртежи, термоформ фолии и шеми;
  - релјефен линијар, восочна табла со шило, радла, сандак со песок;
  - Интернет, образовни софтвери;
  - аудио-визуелни средства (графоскоп, дигиталн фотоапарат, дигитална камера, телевизор, ДВД-плеер, видео-плеер, компјутер, ЛЦД проектор и други средства).

## 4. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

- Следење на постигањата на учениците

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за учење, соработката со другите и сл. (формативно оценување).
Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето, врз основа на претходните знаења и искуства на ученикот, ученичката - дијагностичко оценување.

Начини на проверување и оценување:

- описно оценување:
  - опсервација на ученикот;
  - разговор како начин на изразување;
  - мотивација, интереси, активности, соработка, почитување на другите;
  - водење на развојно и аналитичко портфолио за секое дете - ученик;
  - користење на евидентни и чек листи, анегдотски белешки, студии на случај;
  - детски изработки поединечни, групни.

## 5. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНИТЕ ПРОГРАМИ

Програмата во однос на просторните услови за реализацијата се темели на Нормативот за простор за I, II и III одделение и на наставните средства за II одделение донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 6. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа во второ одделение може да ја изведува лице кое завршило:

- Филозофски факултет-Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

## 7. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *запознавање на околината* за второ одделение на деветгодишнот основно образование за учениците со оштетен вид ја донесе

Скопје ______________

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 10-2014/8
27.07 2008 год.
СКОПЈЕ

______________________

Никола Тодоров,

министер за образование и наука